Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

center for intercultural dialogue

# Обуки за младинско лидерство на ОБСЕ 2.0

Датуми на активностите:

- **Прва обука:** 19 – 22 август 2024 г.
- **Втора обука:** 2 – 5 септември 2024 г.

Краен рок за аплицирање:

- **Прва обука:** 12 август 2024 г.
- **Втора обука**: 23 август 2024 г.

**Вовед:**

Мисијата на ОБСЕ во Скопје заедно со Центарот за интерукултурен дијалог Куманово (ЦИД Куманово) ќе организираат две динамични серии на обуки за младински лидери чија цел е поттикнување на лидерството, стекнување вештини и промовирање граѓански ангажман кај младите. Обуките ќе се одржуваат на живописни локации во природа, каде учесниците ќе можат да уживаат во инспиративна средина додека ги развиваат своите вештини.

Секоја обука ќе трае четири дена и ќе пречека 20 учесници од сите региони во Северна Македонија. Програмата за обука ќе вклучува интерактивни работилници, тимски задачи, дебати, симулациски игри и други активности кои ќе им помогнат на младите да ги развијат своите лидерски и комуникациски вештини.

**Теми кои ќе бидат опфатени:**

- **Поттикнување на младинското учество во општеството и општествените процеси:** Учесниците ќе научат како да станат активни граѓани и да влијаат на општествените промени. Ќе се спроведат практични вежби и дискусии за улогата на младите во заедницата.
- **Запознавање на младите со демократијата и демократското учество:** Ќе се разговара за принципите на демократијата и значењето на учеството во демократските процеси.
- **Младински активизам и лидерство:** Ќе се промовираат различни форми на младински активизам и начини на кои младите можат да се вклучат во

позитивните промени. Учесниците ќе имаат можност да слушнат успешни млади активисти и да учат од нивните искуства.

- **Младинско учество:** Ќе се разговара за различни можности и платформи за младинско учество на локално и национално ниво. Ќе се организираат работилници за пишување проекти и аплицирање за грантови.

**Цели на обуките:**

**Развивање на вештини за лидерство и тимска работа:** Преку различни активности, учесниците ќе ги подобрат своите лидерски вештини и ќе научат како да работат ефективно во тим. Ќе се одржи обука за комуникациски вештини, решавање конфликти и организациски вештини.

**Вклучување на младите во граѓански активности и промоција на активно граѓанство:** Поттикнување на младите да се вклучат во граѓански активности и да станат активни учесници во заедницата. Ќе се организираат акции за поддршка на локалните заедници и волонтерски активности.

**Создавање одржлива мрежа на млади лидери:** Учесниците ќе имаат можност да изградат мрежа на контакти и пријателства со други млади лидери од различни делови на земјата. Ќе се организираат дополнителни активности и онлајн платформи за комуникација и соработка.

**Забелешка:**

При пријавувањето, апликантите треба да наведат дали ќе учествуваат на првата или втората обука. Задолжително е и учесниците од двете активности да учествуваат во активности кои ќе се одржат по обуките. Овие активности ќе вклучуваат последователни работилници, онлајн состаноци и други форми на соработка за да се обезбеди континуиран развој и вмрежување на учесниците.

Изјава за согласност од родител/старател е задолжителна за учесници кои што се помлади од 18 години.

**Профил на учесници:**

- **Возраст:** 15-29 години
- **Присуство:** Присуството на сите активности е задолжително
- **Интерес:** Да се покаже интерес и посветеност за учество во една од двете активности

**Сместување и логистика:**

Сите трошоци поврзани со сместување, патување, материјали за обука, храна и освежување ќе бидат покриени од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.